МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Проект за меѓуетничка интеграција во образованието**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДРЖАНИОТ ФОРУМ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА НАСТАВНИЧКИТЕ ФАКУЛТЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА оддржан на 28 јануари, 2014 во хотел „Карпош" - Скопје

**Датум и време:** 28 јануари, 2014 во 10:00 часот

**Место:** хотел „Карпош" - Скопје

**Присутни**: поканетите учесници од: УСАИД Македонија, Министерство за образование и наука, ДПИ, БРО, ЦСОО, ДИЦ, ОБСЕ, партнерската организација Лоја - Тетово и од наставничките факултети во Р. Македонија (при УКИМ – Скопје, УКЛО - Битола, УГД - Штип, ДУТ - Тетово и УЈИЕ – Тетово)

**Вовед, Дневен ред и цели на Форумот**

Форумот беше модериран од страна на доцент Д-р Маја Мухиќ (еден од обучувачите на одржаните две работилници со претставниците од наставничките факултети).

**Содржина на Дневниот ред на Форумот**:

**1. Отворање на Форумот**

**2. Презентација на ПМИО - досегашни активности и постигања**

**3. Презентација за застапеноста на мултикултурните аспекти во наставните програми на факултетите**

(Декан, Продекан или претставник на наставничките факултети)

УКИМ - Педагошки факултет „ Св. Климент Охридски", Скопје

ДУТ - Филозофски факултет/насока Педагогија, Тетово

УКЛО - Педагошки факултет „ Св. Климент Охридски", Битола

УГД - Факултет за образовни науки, Штип

УЈИЕ - Факултет за јазици, култури и комуникација, Тетово

**4. Досегашни искуства и резултати од учеството на претставниците од образовните институции во ПМИО**

Лилјана Самарџиска, Ајше Ајрулаи - Биро за развој на образованието

Ардијана Палоши, Роза Арсова - Центар за стручно образование и обуки

Антоанела Стојаноска - Државен просветен инспекторат

**5. Искуствата на партнерската организација Лоја со проектните активности и соработката со наставничките факултети**

Бујар Лума

**6. Потреба и содржина на Прирачникот за меѓуетнички интегрирано образование на наставничките факултети**

Татјана Атанасоска, УКЛО - Битола

Емил Сулејмани, УКИМ - Скопје

Трајче Стојанов, УГД - Штип

Линда Зибери, УЈИЕ - Тетово

**7. Спроведување на промените за меѓуетничко интегрирано образование во одделните наставни предмети и можности за хармонизација на содржините и методите**

Розалина Попова - Коскарова, УКИМ - Скопје
Теута Шабани, УКИМ - Скопје
Лулзим Мехмеди, ДУТ - Тетово
Валентина Гулевска, УКЛО - Битола
Соња Петровска, УГД – Штип

**8. Заклучоци, препораки и затворање на Форумот**

-------------------------------------------------

Форумот за меѓуетничка интеграција во образованието на наставничките факултети во Македонија се оддржа со цел да се разменат идеите и мислења за тековните состојби на полето на меѓуетничката интеграција во образованието. Главниот фокус беше насочен како да се идентификуваат конкретни состојби на тој план и кои се можните солуции кон подобрување на етничката интеграција и интеркултурна сензибилизација на идните наставници. За таа цел беа поканети професори од педагошките факултети во Македонија, како и претставници од Бирото за развој на образованието, Центар за стручно образование и обуки, Државниот просветен инспекторат и Државниот испитен центар. Меѓу другото, се дискутираше и содржината на она што би требало да прерасне во иден Прирачник за меѓуетничка интеграција/интеркултурна сензибилизација во наставните програми на педагошките факултети. Покрај позитивните аспекти на меѓуетничката интеграција во образованието, беа потенцирани и многуте проблеми во реализацијата на замислените цели на кои треба да се фокусираме во иднина за изнаоѓање на солуции. Еден од клучните сегменти на форумот беше дискусијата за спроведување на промените за меѓуетничко интегрирано образование во одделните наставни предмети и можности за хармонизација на содржините и методите во рамките на која професорите покажаа голем ентузијазам и инспирација за соработка, со наведување на проблемите кои треба да се разрешат во процесот.

По отворањето на Форумот и презентирање на досегашни активности и постигања во ПМИО, следеше

**1. Презентација за застапеноста на мултикултурните аспекти во наставните програми на факултетите за идни наставници во Р. Македонија.**

Претставникот од УКИМ - Педагошки факултет „ Св. Климент Охридски“, Скопје, ја истакна застапеноста на предметите Мултикултурно образование (изборен) и Религиски системи во рамките на Педагошкиот факултет во Скопје. Истовремено ја истакна сложеноста на процесот за евентуална идна промена на целокупната студиска програма (сенат, одбор за акредитација,) и затоа се заложи за инсистирање на

имплементација на сегменти од меѓуетничката интеграција преку наставните програми на посебните предмети.

Продеканот за настава од ДУТ - Филозофски факултет/насока Педагогија, Тетово, ја потенцираше застапеноста на предмети кои се занимаваат со културни/мултикултрни теми, притоа ја нагласи и потребата од поттинување на институтциите во државата за поактивно инволвирање во спроведување на меѓуетничката интеграција во образованието

Продеканката за настава при УКЛО - Педагошки факултет „ Св. Климент Охридски", Битола, ја истакна потребата од надградување на курикулумот а воедно ја нагласи и потребата од радикални промени во образованието во државата.

Деканот на Факултетот за образовни науки - УГД - Факултет за образовни науки, Штип ја потенцираше интеркултурната сензибилзиација на Универзитетот до ниво на постоење на предмети, како што е предметот Изучување на влашкиот јазик, но и можноста да се интегрираат теми што ја допираат содржината на соживот, интеграција, стереотипи, во предмети како на пример Ликовно воспитание. Со тоа, се даде еден поттик кон интегрирање на мултикултурни содржини и во предмети кои не се директно поврзани со таа тематика (во конратниот случај Ликовно воспитание). Се потенцираше и кризата на концептот на мултикултурализам во последните години, особено во Европа која го загрози концептот. Клучно е мултикултуралноста да не се доживува само како концепт туку да стане свест. Во таа смисла, се посочија потребите од експлорација на мултикултурализмот како тема и содржини низ еден дедуктивен пристап, притоа се потенцираше потребата од формирање на истиот како вредност.

Претставничката од Факултетот за јазици, култури и комуникација при УЈИЕ – Тетово, ја истакна присутноста на интеркултурните теми на Факултетот за Јазици, Култури и Комуникации, при УЈИЕ како и активностите на Центарот за Интеркултурен дијалог отворен во рамките на истиот факултет.

## 2. Досегашни искуства и резултати од учеството на претставниците од образовните институции во ПМИО

Панел - дискутантките од БРО, ЦСОО, ДПИ ги потенцираа активностите во рамките на ПМИО, притоа ја забележаа и опасноста од останување во рамките на паралелизам и стереотипи. Истовремено, се укажа на тоа дека училиштето е институцијата која е стожер во оспособувањето на една личност за стекнување на клучните, животни вештини кои треба да се подлога за идно интегрирано општество. Се идентификуваше и фактот дека иако училиштата реализираат соработка со родителите, тие се во голема мера инцидентни и немаат системска поддршка. Во таа смиал се апелираше за проактивен пристап и информирање на родителите за потребата од меѓуетничка

интеграција во образованието. Се нагласија и големите можности за бенефити во овој контекст преку реализацијата на ПМИО, преку Советот на родители и на ниво на одделенија/паралелки.

**3. Искуствата на партнерската организација Лоја со проектните активности и соработката со наставничките факултети**

Директор на НВО Лоја

Низ една реминисценција на лично искуство, панел-дискутантот ја прикажа дискрепанцата помеѓу официјален и локален наратив за состојбите со меѓуетничките односи кои се рефлектираат и до ден денес. Се укажа на реализацијата на проект низ кој се имплементираше посебен факултативен предмет за постконфликтно помирување а кој се состоеше и од практичен дел за обука во рамките на кој сите студенти спроведоа мали проекти со избрани училишта во Тетово.

**4. Потреба и содржина на Прирачникот за меѓуетнички интегрирано образование на наставничките факултети**

Панел-дискутанти од УКЛО, УКИМ, УГД, УЈИЕ

Во рамките на оваа сесија се дискутираше за потребата и од можните содржини на прирачникот за меѓуетнички интегрирано образование на наставничките факултети. Се истакна потребата од укажување на мултидимензионалноста на идентитетот со што би се постигнал екслузивниот фокус врз етникумот. Дел од содржините би требало да се однесуваат и на аспекти на перцепцијата на другиот, како и на вербалната и невербалната комуникација и дефинирањето на конфликтот, наместо негово континуирано избегнување од темите кои се разработуваат. Се дискутираше и за потребата од разработка на теми и вежби кои ќе целат кон надминување или намалување на стереотипите и будење на свеста дека различноста е вредност и богатство. Дел од практичните совети беа да се користат кратки текстови, визулени материјали, симулации и играње улоги, како и форум театри и креативни работилници. Се дискутираше и за тоа дека нема птореба од инсистирање на нов предмет во сферата на мултикултурализам, туку да се внесат нови содржини во веќе постоечките предмети.

**5. Спроведување на промените за меѓуетничко интегрирано образование во одделните наставни предмети и можности за хармонизација на содржините и методите**

Панел-дискутанти од УКИМ, ДУТ, УКЛО, УГД

Некои од идеите и предлозите одеа во правец на формирање на заеднички активности како и на создавање на изборни предмети по албански и турски јазик за македонските студенти и обратно. Се укажа на потребата од интеграција, но истовремено и на одбегнување на опасноста од асимилација. Дел од практилните примери беа со читање лектири, правење семејни стебла, пишување на есеи и прикажување на филмови

**Заклучоци и препораки**

Во дискусијата што следеше после презентациите и панел-дискусиите учество земаа претставниците од: УСАИД Македонија, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Државниот просветен инспекторат, Националниот испитен центар, Мисијата на ОБСЕ, партнерската организација Лоја и од присутните претставници од факултетите за идни наставници.

Донесени беа следните заклучоци и препораки:

- Неопходен е прирачник наменет и за наставниот кадар и за студентите – идни наставници, пришто треба да се даде широка рамка во примена на веќе постоечкиот концепт во овој проект – ПМИО во предметните програми во рамки на иницијалното образование за идни наставници;
- Беа дадени конкретни предлози за содржините кои би ги содржел прирачникот. Меѓу предлозите се истакнуваат сугестиите за внесување на теми кои ќе ја потенцираат мултидимензионалноста на идентитетот со што би се трганал еклузивниот фокус врз етникумот, а со тоа би се намалил и етно-центризмот. Дел од сугерираните содржините беа разработка на перцепцијата на *другиот*, како и дефинирање на тоа што е конфликт. Беа дадени и практични примери за тоа како можат дидактички да се обработат содржините, па меѓу нив се истакнуваат користењето на кратки текстови, лектири, визулени материјали, симулации и играње улоги, како и форум театри;
- Потребно е да се работи фокусирано врз примената на практичните аспекти дадени во постоечкиот концепт за меѓуетничка интеграција во образованието. Целта на овој концепт е студентот/идниот наставник да го стекне и научи она што му е реално потребно во процесот на иницијалното образование – интеркултурна сензибилизација и стекнување вештини за спроведување на меѓуетничка интеграција во образованието во улога на идни наставници;
- Неоходно е спроведување на активностите на/со студентите на наставничките факултети. Меѓу застапените активности на студентите и во соработката меѓу наставничките факултети треба да се работи и на креирање партнерства меѓу моноетнички средини со цел да се поттикне формирање на заеднички идентитет кај студентите;
- Знаењата и вештините стекнати во теоретскиот дел од наставата за меѓуетничка интеграција во образованието (во различните предмети во процесот на иницијалното образование) да се применат во практичниот дел што се спроведува во основните училишта.
- Од прикажаните презентации/излагања за застапеноста на мултикултурните аспекти во наставните програми на наставничките факултети е согледливо дека е голема потребата од практична работа со особено внимание во сферата на воведување на концептот за меѓуетничка интеграција во образованието на

наставничките факултети. Овој заклучок произлегува особено како резултат на тоа што спомнатите презентации за состојбите со мултикултурните аспекти во наставата беа претежно дескриптивни опишувајќи ги состојбите кои помалку наликуваа на про-форма застапаеност на теми кои генерално го тангираат прашањето на мултикултурализмот, отколку што беа преглед на тоа до каде е соработката на ниво на универзитети, заедничките активности, интеркултураната сензибилизација и дидактичките аспекти;

- Во панел дискусиите на форумот беа повеќе застапени теоретските аспекти на мултикултурното образование, а во многу мала мера беа спомнати методите, принципите и критериумите на коцептот за меѓуетничка интеграција во образованието;
- И покрај одржаните две работилници со учесниците од наставничките факултети со цел подетално да се запознаат со концептот за меѓуетничка интеграција во образованието во ПМИО, во панел-дискусиите на претставниците од наставничките факултети во поголем дел беа застапени теоретските аспекти на мултикултурното образование. Овие теоретски аспекти не ги рефлектираат карактеристиките, методологијата и методите на коцептот за меѓуетничка интеграција во образованието;
- И покрај конкретноста и специфичноста на темата за спроведување на промени за меѓуетничко интегрирано образование во одделните наставни предмети и можности за хармонизација на содржините и методите, не се артикулира конкретно како овој процес би се спровел на ниво на факултет и во соработката меѓу наставничките факултети;
- Во врска со потребата од воведување на методологијата, методите, принципите и активностите за меѓуетничка интеграција во предметните програми на наставничките факултети, потребно е секој наставнички факултет поодделно да ги разгледа потребите заедно со конкретните можности и услови. Овој процес треба да се прошири во соработката меѓу наставничките факултети во доменот на можностите за хармонизација на содржините и методите.


Ул. Козле 1-б
1000 Скопје, Република Македонија
Тел.бр. ++ 389 2 3067-981; Факс бр. ++ 389 2 3067-985
Е-пошта: info@mcgo.org.mk Веб-страна: www.pmio.mk